**С О В Е Т  Н А  О П Ш Т И Н А  Г А З И  Б А Б А - С К О П Ј Е**

# З А П И С Н И К

**Од ЧЕТИРИЕСЕТ И ТРЕТАТА седница**
**на Советот на Општина Гази Баба,**
**одржана на 28.05.2024 година**

**СКОПЈЕ, МАЈ 2024 ГОДИНА**

**З А П И С Н И К**

**Од Четириесет и третата седница**
**на Советот на Општина Гази Баба,**
**одржана на 28.05.2024 година**

Седницата започна во 11:05 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше, Претседателот на Советот на Општина Гази Баба, **Дијана Илиевска**.

На седницата присуствуваа мнозинство членови на Советот, со што истиот можеше да расправа и полноправно да одлучува.

Освен членовите на Советот на седницата присуствуваа: Градоначалникот на Општина Гази Баба, претставници од општинската администрација и подносителите на материјали предмет на расправа и одлучување пред советот.

Пополнетиот евидентен лист е доказ за присуството на член на Советот на седницата во тековниот месец.

**********

По Нацрт - Записникот од **Четириесет и втората** седница на Советот на Општина Гази Баба:

Советот го усвои Записникот од **Четириесет и втората** седница на Советот на Општина Гази Баба, без забелешки со **22 гласа "ЗА"**.

**ПО ПРЕДЛОЖЕНИОТ ДНЕВЕН РЕД:**

Претседател на Совет - **Дијана Илиевска**:

За работата на седницата на Советот го предложи дневниот ред кој е доставен со решението за свикување на седницата, **со следните предлози за дополнување** на предложениот дневен ред:

Согласно извештајот на статутарно - правната комисија, бр.09-2651/2 од 27.05.2024 година, се предлага дополнување на предложениот дневен ред со следната точка:

**7.** Предлог - Одлука за престанување на важење на акти донесени во постапка за изменување на Деловникот на Советот на Општина Гази Баба.

Согласно известувањето од стручната служба од 27.05.2024 година и доставен работен материјал од секторот за заштита на животната средина и природата, се предлага дополнување на предложениот дневен ред со следната точка:

**8.** Предлог - Одлука за примање на донација од Средношколска академија за бизнис и администрација "САБА" - Скопје.

Предлогот за дополнување на предложениот дневен ред со **точка "7"** беше усвоен со **22 гласа "ЗА"**.

Предлогот за дополнување на предложениот дневен ред со **точка "8"** беше усвоен со **22 гласа "ЗА"**.

Претседателот на Советот констатираше дека точките "7" и "8" се составен дел на предложениот дневен ред.

Предлози за **изменување** на предложениот дневен ред:

Согласно извештајот на статутарно - правната комисија, бр.09-2651/2 од 27.05.2024 година, точката "3" **се симна** од предложениот дневен ред.

Претседателот на Советот констатираше дека точката "3" е симната од предложениот дневен ред, а точките "4", "5", "6", "7" и "8" ќе се разгледуваат како точки "3", "4", "5", "6" и "7".

За работата на седницата со **24 гласа "ЗА"** беше усвоен следниот:

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Предлог - Одлука за давање согласност на одлуката за усвојување на тримесечниот финансиски извештај за работа и резултатите од работењето на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, за првото тримесечје од 2024 година;
2. Предлог - Одлука за изменување на Одлуката за формирање на локален совет за превенција;
3. Предлог - План за изменување на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба - За реконструкција на Дом на култура "11Октомври" во населба Ченто;
4. Предлог - Програма за изменување на Програмата за урбано планирање "Ф" на Општина Гази Баба за 2024 година;
5. Предлог - Заклучок за усвојување на извештај за остварување на приходите и извршување на расходите на Буџетот на Општина Гази Баба, за периодот јануари - март 2024 година;
6. Предлог - Одлука за престанување на важење на акти донесени во постапка за изменување на Деловникот на Советот на Општина Гази Баба; и
7. Предлог - Одлука за примање на донација од Средношколска академија за бизнис и администрација "САБА" - Скопје.

Пред преминување на расправа и одлучување по точките од утврдениот дневен ред, редоследно беа соопштени ставовите на комисиите на советот.

Претседателот на советот ги информираше советниците дека по однос на точка 7 дополнително во текот на седницата ќе расправа статутарно-правната комисија.

**ПРВА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање согласност на одлуката за усвојување на тримесечниот финансиски извештај за работа и резултатите од работењето на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, за првото тримесечје од 2024 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваше в.д директор Игор Атанасовски, кој го образложи тримесечниот финансиски извештај за работа и резултатите од работењето на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје.

Претседателот на советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за давање согласност на одлуката за усвојување на тримесечниот финансиски извештај за работа и резултатите од работењето на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, за првото тримесечје од 2024 година, со **18 гласа "ЗА" и 6 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ВТОРА ТОЧКА: Предлог - Одлука за изменување на Одлуката за формирање на локален совет за превенција.**

Претседателот на советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за формирање на локален совет за превенција, со **25 гласа "ЗА"**.

**ТРЕТА ТОЧКА: Предлог - План за изменување на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба - За реконструкција на Дом на култура "11Октомври" во населба Чento.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваа членовите на советот: Александар Саша Димитријевиќ (коалиција предводена од СДСМ), м-р Сафет Адеми (ДУИ) и претставниците од општинската администрација: Сашо Трајков и м-р Тина Каровска.

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Планот за изменување на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба - За реконструкција на Дом на култура "11Октомври" во населба Ченто, со **25 гласа "ЗА"**.

**ЧЕТВРТА ТОЧКА: Предлог - Програма за изменување на Програмата за урбано планирање "Ф" на Општина Гази Баба за 2024 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваше членот на Советот - Александар Саша Димитријевиќ (коалиција предводена од СДСМ).

Претседателот на Советот **ја задолжи стручната служба да достави писмен одговор** на прашањето поставено од членот на Советот.

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за изменување на Програмата за урбано планирање "Ф" на Општина Гази Баба за 2024 година, со **25 гласа "ЗА"**.

**ПЕТТА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за усвојување на извештај за остварување на приходите и извршување на расходите на Буџетот на Општина**

**Гази Баба, за периодот јануари - март 2024 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Заклучокот за усвојување на извештај за остварување на приходите и извршување на расходите на Буџетот на Општина Гази Баба, за периодот јануари - март 2024 година, со **19 гласа "ЗА" и 6 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

Претседателот на Советот **даде пауза** за да се одржи седница на статутарно - правната комисија, за да завземе став и поднесе извештај по однос на точка:

7. Предлог - Одлука за примање на донација од Средношколска академија за бизнис и администрација "САБА" - Скопје.

**По паузата.**

**ШЕСТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за престанување на важење на акти донесени во постапка за изменување на Деловникот на Советот на Општина Гази Баба.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за престанување на важење на акти донесени во постапка за изменување на Деловникот на Советот на Општина Гази Баба, со **24 гласа "ЗА"**.

Пред преминување на расправа и одлучување по однос на точка 7 беше соопштен ставот на статутарно - правната комисија.

**СЕДМА ТОЧКА: Предлог - Одлука за примање на донација од Средношколска академија за бизнис и администрација "САБА" - Скопје.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за примање на донација од Средношколска академија за бизнис и администрација "САБА" - Скопје, со **24 гласа "ЗА"**.

Дневниот ред беше исцрпен, Претседателот на Советот - Дијана Илиевска ја заклучи Четириесет и третата седница на Советот на Општина Гази Баба, во **11:45** часот.

**Број 09-3142/2**
**од 19 јуни 2024 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска**

***** аудио записот од седницата е составен дел на записникот